РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број: 09-159/3
05.07.2024 год.
Скопје

## ДУФК „Методи Митевски Брицо“ – Скопје

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| Датум на интегрална евалуација: | од 19 до 21.02.2024 г. |
| Број на извештај: | 5/скопски/2024 |
| Раководител на инспекциски тим: | Зоран Димитријевиќ |
| Вид на училиштето: | Средно училиште |
| Подрачни училишта: | / |
| Основач на училиштето: | Влада на Република Македонија |
| Наставен јазик: | Македонски и албански јазик |
| Број на ученици: | 571 |
| Полова структура на ученици: | 448 м 123 ж |
| Број на наставници: | 52 |
| Претседател на училишниот одбор: | Горки Кондовски |
| Директор на училиштето: | Љупчо Станковски |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | од 24 до 26.09.2018 г. |
| Адреса на училиштето: | Ул.„Димче Мирчев" бр.1 |
| Телефон: | 3166 550 |
| Факс: | / |
| e-mail: | dufk-metodijamitevskibrico-skopje@schools.mk |
| оценка од интегрална евалуација | добар (3.06) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 , 41/14 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 19 до 21.02.2024 година, тим од 3 (три) државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во

ДУФК„Методи Митевски Брицо“ – Скопје. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состанок со директорот, стучните соработници, Училишниот одбор, Совет на родители, ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници, членови на стручен активи и членови на тим на изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со фокус групите, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на за сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **добар (3.06).**

Наставниот процес по наставните предмети во ДУФК „Методи Митевски Брицо“ - Скопје, се реализира согласно донесените наставните планови и програми за стручно гимназиско образование и истите се во согласност со програмските документи, изготвени од Центар за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието, а донесени од Министерство за овразование и наука. Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните планови и програми за гимназиско и средно стручно образование, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален развој и развој на граѓански и општествени компетенции за доживотно учење.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и по паралелки, со податоци од постигањата на државна матура и завршен испит, како и анализа на постигањата на учениците на поправните испити и постигањата на вонредните ученици. Од споредбените анализи може да се заклучи дека успехот по години (од прва до четврта), односно просечниот успех, споредбено во последните три години, незначително се менува. Трендот на успешност на државната матура и завршниот испит во последните три учебни години, бележи благо зголемување. Бројот на ученици кои се префрлуваат од полагање на државна матура и училишна матура е многу мал. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Во училиштето се детектираат и се анализираат причините за повторување на годината на учениците. Според анализите, процентот на ученици кои не ја завршуваат годината е многу мал.

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а дневните планирања се разгледуваат при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Поголемиот дел од наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми, изготвени од Центар за стручно образование и обука и Биро за развој на образование, а донесени од Министерство за овразование и наука. Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба. За изработка на планирањата, наставниците дискутираат на стручните активи и најчесто своите планирања ги изработуваат индувидуално. Во наставните планирања застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети. Поголемиот дел од наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Најголем дел од наставниците се обучни за употреба на ИКТ и нови образовни технологии, но истите многу малку ги применуваат во наставата. Наставниот кадар и стручната служба, систематски ги детектираат

образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. Во училиштето има 2 ученика со посебни образовни потреби, но има и ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовната настава со другите ученици. За учениците со потешкотии планирањата не се приспособени според нивните можности. Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на постигањата на учениците, според образовните потреби, истите се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Се врши прибирање на информации за постигањата, напредокот и редовноста на учениците и на транспарентен начин се известуваат родителите и учениците за оценката и се даваат препораки за подобрување на постигањата на учениците.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата на училиштето во главниот објект е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат, делумно се означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Училиштето во целина го следи напредокот на учениците за индивидуалниот напредок преку е-дневник на паралелка, евидентни листови и личната евиденција на наставниците. Стручната служба води евиденција за напредокот на учениците за прво, трето тромесечие и успехот на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година.

Во училиштето има пријатна атмосфера за работа за време на настава. Дисциплината на учениците е добра. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник, медиуми, веб страна и други јавни манифестации на кои земаат учество наставниците, родителите, медиумите и локалната заедница.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Постојат просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците. Училишната зграда е од тврда градба. Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување. Училиштето ги утврдува потребите на наставните средства и помагала и прави напори за нивна набавка според финансиските можности. За реализирање на наставниот план и програмите, во училиштето е обезбеден доволен број соодветни наставници, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно. Мал дел од наставниците се вклучени во семинари и обуки кои се организирани од БРО, како и проекти кои се спроведуваат од домашни и странски организации, но има потреба од нивна поголема вклученост и редовност на истите. Стручната служба на училиштето континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите ги евидентира во портфолијата за професионален развој на наставниците. Раководниот орган училишниот буџет добро го планира.

Орган на управување во училиштето е УО (училишниот одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана во Деловник за работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето – директор работи согласно изготвената Програма за работа. Директорот на училиштето има превземено активности кои

значително ќе придонесат за подобрување на условите за работа во училиштето, повисоки постигања на учениците и добра клима за работа.

Работата на училиштето е уредена со Статутарна Одлука за измени и дополнување на Статутот на училиштето бр.02-545/2 од 15.10.2021 год. и Решение за согласност од МОН бр. 02-545/6 од 01.12.2021 година.

Училиштето од 25.08.2023 година со арх. бр.03-481/1 има изготвено Самоевалуација за период: 2021-2023 година и од 22.01.2024 година со арх.бр.02-78/1 има изготвено Програма за развој за период: 2024-2028 г.

За учебната 2023-2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.02-498/2 од 30.08.2023 година, и истата е усвоена од Училишниот одбор.

# Карактеристики на училиштето

ДУФК ,,Методи Митевски Брицо“ е воспитно образовна установа лоцирана во општина Центар на ул.,,Димче Мирчев“ бр.1. Носител на основачките права на училиштето е државата.

Државното училиште за физичка култура „Методи Митевски Брицо“ Скопје е основано 1950 год. со Решение на комитетот за физичка култура при влада на НРМ. Училиштето е верифицирано со Решение за верификација на стручното гимназиско образование-спортска гимназија со четиригодишно траење на образованието (дел.бр.11-2937/2 од 05.06.2006 год.) од Министерството за образование и наука. Во училиштето од учебната 2011/2012 година се работи според изменет и дополнет наставен план за спортска гимназија согласно Решението за измени и дополнувања на наставните планови за спортска гимназија бр.07-547/5 од 17.11.2010 год., донесено од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Во училиштето учат вкупно 571 ученик од кои машки се 448 и женски 123 ученици, распоредени во 24 паралелки, од кои: 16 паралелки на македонски наставен јазик, 8 паралелки на албански наставен јазик.

Воспитно-образовната работа се организира и остварува во училишен објект од тврда градба изграден во 1962 година, две спортски сали ( кои се во фаза на реновирање ), Базен Борис Трајковски Карпош, Градски стадион Скопје и СРЦ Сарај.

Училишната зграда е од тврда градба со вкупна корисна површина од 2596 м$^2$, училишен двор со површина од 11730 м². .

Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, педагог, 2 психолози ( од кој 1 е со пола фонд часови), библиотекар и 52 наставници од кои 2 наставници се несоодветни со запазена постапка. Според образовниот профил 49 наставници се со високо образование и 1 наставник со магистерски студии. На неопределено работно време се 35 наставника и 17 наставника се на определено работно време од нив 1 наставника е наставник - приправник. Според полот 33 се жени и 10 се машки, според етничката припадност 32 наставника се македонци, 18 наставници се албанци 1 наставник србин и 1 наставник бошњак.

Наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик во две смени, прва смена од 7:30 до 12:55, втора смена од 12:30 до 17:10 часот.

Наставата се изведува во 14 училници, 2 фискултурни сали. Училиштето има библиотека, санитарни јазли, просторија за помошно-технички персонал, просторија за директор, помошник директор, секретар, наставници, стручна служба. Училниците се опремени со потребниот училишен инвентар кој е дотрајан и. Училишниот двор делумно е ограден. Училиште се загрева со централно парно греење.

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес по наставните предмети во ДУФК „Методи Митевски Брицо“ - Скопје, се реализира согласно донесените наставните планови и програми за стручно гимназиско образование и истите се во согласност со програмските документи, изготвени од Центар за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието, а донесени од Министерство за овразование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за средно гимназиско стручно образование. Содржините на наставните планови и програми, што ги изготвуваат наставниците, мал број од истите, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.

Во ДУФК „Методи Митевски Брицо“ - Скопје,, наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Според наставниот план за спортската гимназија наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети во кои спаѓаат општообразовните предмети, заеднички стручни предмети, изборни предмети и проектни активности. Во наставните планови застапени се доволен број програми од разни области со кои се задоволени интересите на учениците, редовно се одржуваат и евидентираат согласно распоредот на часови во училиштето.Наставата во училиштето се изведува во две смени.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година, на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 2 ученика со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна институција. Училиштето, согласно законските одредби со Решение бр.02-497/1 од 30.08.2023 година, има формирано Инклузивен тим на училиште. За сите ученици со посебни образовни потреби, формиран е Инклузивен тим на ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето не е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, од причина што училиштето нема вработено таков кадар. Индивидуалните образовни планирања се прилагодени за работа со деца со посебни потреби, согласно препораките од Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје. Дел од наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма и реализираат активности според посебните образовни потреби на учениците, од причина што истите не се обучени за работа со деца со посебни потреби.

Училиштето има воспоставено процедура за избор на изборни наставни предмети. Изборот на изборните наставни предмети се врши со спроведување на анкети за ученици и родители. На анкетниот лист се нудат 4 и повеќе изборни наставни предмети. Изборот на наставни предмети кои се нудат на анкетниот лист се врши според потребите на учениците, а со цел за продлабочување на знаењата и афинитетите на учениците.

Слободните часови во училиштето се застапени со 2 часа неделно во секоја од паралелките. Активностите се прецизирани, планирани и вклопени во посебен распоред на училиштето

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните планови и програми за гимназиско и средно стручно образование, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштето тоа го постигнуваат преку самостојна реализација на поголем број заеднички активности со учениците од двата наставни јазика. Училиштето во учебната 2022/2023 година, по успешно реализиран Проект под наслов „Унапредување на мултикултурализмот и ниеркултурализмот“, за истото има добиено Гранд средства од Министерство за образование и наука во висина од 30 000.00 денари. Во реализацијата биле вклучени ученици од повеќе националности од училиштето. Оваа учебна година, во ДУФК „Методи Митевски Брицо“ - Скопје, во тек е реализација на Проект со наслов „Мултикултурен квиз“, за кој, училиштето има изготвено програма.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети. Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини и за потребите на локалната средина и градот Скопје. Постојат добри примери на соодветни интегрирани особености на локалната средина во наставните програми, најчесто преку организирани акции, проекти, натпревари, посети на саеми и институции, кои се реализираат во рамките на спортските манифестации.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето нема покренато иницијатива за вклучување на наставниците и родителите за изменување и дополнување на наставните планови и програми и нема покренато писмена иницијатива за изменување, дополнување или иновирање на истите

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален развој и развој на граѓански и општествени компетенции за доживотно учење. Воннаставните активности се планирани во Годишната програма на училиштето, а опфаќаат работа со надарени и талентирани ученици, ориентациона програма за дополнителна настава, слободни ученички активности, заштита и унапредување на здравјето на учениците, општествено – корисна работа, ученички екскурзии и развојни акциони проекти.

Училиштето во Годишната програма за работа и во Програмата за работа на Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, континуирано планира и реализира вонаставни активности, со цел за обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието, граѓанска вклученост, а со тоа и градење соживот.

Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор, и тоа секој ученик, барем во една вонnаставна активност, која содржи содржини за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и во која постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби. Учениците, делумно учествуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво пред се во спортот.

Во учебната 2020/2021 година, учениците не учествувале на натпревари поради пандемијата, во учебната 2021/2022 година, учениците освоиле 6 награди на општински натпревари, 6 градски и 3 државни, во учебната 2022/2023 година, учениците освоиле 6 награди на општински натпревари, 5 награди на градски, 6 награди на регионални натпревари и 10 награда на државен натпревар.

Учениците и наставниците работат аплицираат на меѓународни проекти, како во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, така и во сопствена организација, на различни актуелни теми поврзани со струката, а со цел за стручно усовршување на учениците и наставниот кадар. Во училиштето Позначајни проекти се:

1. Во 2023 година, Проект ,,Еколошко истражување,, на кој учествувале ученици од прва година ;
2. Во 2024 година Проект ,,Мултикултурен ѕид“, учество земале 6 ученици од македонски и албански наставен јазик под водство на два наставника;

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои имаат научен, воспитно - образовен, културно - забавен и рекреативен карактер. При планирањето и подготовката на истите, училиштето ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во средните училишта.

Афирмирањето на воннаставните активности, училиштето го врши преку преку веб страната на училиштето, преку огласна табла и преку медиумите.

Училиштето има регистрирано училиштен спортски клуб Методи Митевски Брицо 2015 Скопје, регистриран во Централен регистар на Република Македонија, со Решение со дел. бр.30120230012626 од 24.02.2015 година и ЕМБС 7042329. Во училишниот спортски клуб вклучени се 120 ученици, во четири спортски дисциплини: кошарка, футсал, фудбал, ракомет, одбојка, ателетика, боречки спорт, шах, пинг понг и пливање.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1 Постигнувања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и по паралелки, со податоци од постигањата на државна матура и завршен испит, како и анализа на постигањата на учениците на поправните испити и постигањата на вонредните ученици.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 3,54, во учебната 2021/2022 година е 3,36 и во учебната 2022/2023 година е 3,76. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 3,55.

Од споредбените анализи може да се заклучи дека успехот по години (од прва до четврта), односно просечниот успех, споредбено во последните три години, незначително се менува. Трендот на успешност на државната матура и завршниот испит во последните три учебни години, бележи благо зголемување. Бројот на ученици кои се префрлуваат од полагање на државна матура и училишна матура е многу мал, 11 ученици последната учебна година.

Училиштето врши следење на постигањата на учениците и тоа од влезниот успех од основно училиште па се до крај од средно образование.

Училиштето има систем за детектирање на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надерените ученици, како и на учениците со пречки во развојот. Мал број од наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со пречки во развојот, како и на надарените ученици.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на манифестации, приредби и натпревари.

Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички вонnаставни активности со ученици од мешан етнички состав на ниво на училиште со учениците од двата наставни јазика и ученици од повеќе националности кои што учат во училиштето. Дел од средствата за реализирање на заедничките активности од проектот за Меѓуетничка интеграција, училиштето ги обезбедило преку Гранд добиен од Министерство за образование и наука.

## 2.2 Задржување / осипување на учениците

Училиштето има податоци и превзема активности за опфат на поголем број на ученици кои ги исполнуваат условите за запишување и има изградено политика за обезбедување услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 3439, од кои 2855 се оправдани и неоправдани 584 или 9,07 изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 11 523, од кои 9915 се оправдани и 1608 неоправдани или 29,70 изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 11837, од кои 10373 изостаноци се оправдани и 1464 неоправдани или 33,63 изостаноци по ученик. Училиштето, за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата, презема соодветни активности и соработува со родителите на учениците.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, училишниот психолог реализира советувања со родители и ученици, за кои води уредна евиденција. Во учебната 2020/2021 година, реализирано е 1 советување на родители и ученици, во учебната 2021/2022 година, реализирани се 135 советувања на родители и ученици и во

учебната 2022/2023, година реализирани се 214 советувања на родители и учениците истите се за намален успех и нередовно посетување на наставата. За резултатите од спроведените советувања, психологот на училиштето доставува известувања до надлежни институции. Според статистиките и анализите кои ги изготвува психологот може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици најчесто даваат позитивни ефекти.

Во училиштето има појава на осипување на ученици и истата континуирано се следи според полот, одделение/паралелка и етничка припадност и се вршат анализи за причините на таа појава. При тоа, училиштето доколку има потреба соработува со родителите и со други надлежни институции и навремено презема конкретни активности.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 34 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 38 ученици се запишале во ова училиште.

### 2.3 Повторување на учениците

Во училиштето се детектираат и се анализираат причините за повторување на годината на учениците. Според анализите, процентот на ученици кои не ја завршуваат годината е многу мал. Во учебна 2020/2021 година, годината вкупно 1 ученик не ја завршил годината, останатите години нема ученици што повторувале.

Сите ученици се запознати со правото на поднесување на приговор/жалба на оценките на крајот од учебната година. Секој поднесен приговор индивидуално се процесуира и разгледува од наставничкиот совет.

## 3. Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а дневните планирања се разгледуваат при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП, но наставниот кадар не е доволно обучен за работа

со деца со посебни образовни потреби.. Инклузивниот тим соработува со други релевантни институции.

Во изминатите три учебни години, најмалку еднаш до два пати во едно полугодие се следени планирањата на наставниците од страна на директорот или од стручните соработници. Оваа учебна година извршени се посети, односно се следени планирањата на наставниците од страна на директорот или од стручните соработници за време на реализација на часовите.

Поголемиот дел од наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми, изготвени од Центар за стручно образование и обука и Биро за развој на образование, а донесени од Министерство за овразование и наука. Поголем број од наставниците, изработуваат оперативни планови за час во кои планираат соодветни неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, а мал дел од наставниците изработуваат оперативни планови за час во кои не планираат соодветни неопходни елементи. Оперативните планирања за час се усогласени со тематските планирања, но недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности по тежински нивоа за талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Во помал дел од оперативните планирања на наставниците има изработено критериуми за оценување и употреба на ИКТ во настава.

Поголем дел од наставниците, освен за наставните предмети, изготвуваат и годишно планирање за оделенски час, воннаставни активности, дополнителна и додатна настава. Дополнителната и додатната настава се реализира во доволна мера, според планираната динамика.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба. За изработка на планирањата, наставниците дискутираат на стручните активи и најчесто своите планирања ги изработуваат индувидуално. Во наставните планирања застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.

Распоредот на часови се изготвува од страна на стручен соработник педагог и е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна, дополнителна настава распоред за слободни часови/проектни активности и истите се реализира според предвидената динамика.

### 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на голем број наставни часови, при што утврдено е дека наставниците имаа изготвено и користеа оперативен план за часот. Поголемиот дел од наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем дел од наставниците се обучни за употреба на ИКТ и нови образовни технологии, но истите многу малку ги применуваат во наставата.

Училиштето има интернет врска обезбедена преку операторот Т-Хом, истата е избрана по пат на спроведена јавна набавка во училиштето, а средствата се обезбедени од страна на основачот Министерството за образование и наука.

Задачите што се работат во училиштето или дома се добро планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Во планирањата на наставниците не се издвоени прилагодени активности за работа со учениците со посебни образовни потреби.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Домашните задачи најчесто се поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес.

Во училиштето има добри услови за реализација на настава, но покрај тоа поради потребата од специфичните потреби во реализација на наствата училиштето соработува и склучува договори со субјекти како базенот Борис Трајковски во Карпош, Градскиот стадион, и СРЦ Сарај.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите, училиштето го доживуваат како безбедна средина за учење. Целокупниот училишен простор не е доволно естетски уреден, а хигиената е на добро ниво. На видни места во холот се истакнати мисијата, визијата и куќниот ред на училиштето.

Учениците сметаат дека по некои предмети се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот голем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка меѓу учениците. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во составот на класот и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба, систематски ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. Во училиштето има 2 ученика со посебни образовни потреби, но има и ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовната настава со другите ученици. За учениците со потешкотии планирањата не се приспособени според нивните можности.

Мал дел од наставниците, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со цел учениците да научат најмногу што можат. Во оценувањето користат техники со што делумно ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на постигањата на учениците, според образовните потреби, истите се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Поголем број од наставниците ги користат критериумите, а учениците и родителите се запознаени со истите. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината.

Голем дел од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување на наставници е јавно и транспарентно за учениците. Ретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата. Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно целите во Индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.

Повеќето наставници користат позитивна повратна информација, која ќе го поттикне ученикот да размислува за својата работа. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Се врши прибирање на информации за постигањата, напредокот и редовноста на учениците и на транспарентен начин се известуваат родителите и учениците за оценката и се даваат препораки за подобрување на постигањата на учениците. До родителите, редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците, по квалификациони периоди, а може да се информираат и преку Е-дневник. За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби, а се организира и „приемен ден‘‘, за прием на родители од страна на сите наставници.

Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, а родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки.

# 4. Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето е опремено со инфраструктура поволна за ученици со посебни потреби, училниците делумно се опремени со компјутери а училишниот објект е осигуран во акционерско друштво за осигурување АД Осигурителна полиса бр МК1000783 подружница Скопје 1 центар со ДУФК„Методи Митевски Брицо“- Скопје до 19.10.2024 година. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда. Инфраструктурата на училиштето во главниот објект е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат, делумно се означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство.

Во училиштето има обучен кадар (со сертификат) за давање прва помош на учениците при несреќни случаи, обуките се спроведени од Домот на хуманитарни организации Даре Џамбаз и располага со пакет средстава за прва помош која е достапна во секое време. Училиштето има сандуче за прва помош и други средства. Училиштето нема интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди односно план за евакуација. Училиштето нема изведена симулација за пожар односно училиштето не поседува извештај за спроведената вежба.

Училиштето нема ангажирано обезбедување од Агенција, но се спроведуваат дежурства од страна на вработените. Училишниот објект каде се изведува настава е под видео надзор за следење на клучните простории и локации. Во училиштето има поставено хидранти и ПП апарати истите се сервисирани, извршено мерење на громобранова инсталација и инсталирано интернет мрежа и телефонска врска.

Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите доследно се реализираат и се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања и активности за заштита на учениците од насилно однесување, од трговија со деца и користење на интернет.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.. Насилство меѓу учениците е ретка појава.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци, што е опфатена во Кодексот на однесување на учениците и вработените и во Годишната програма за работа на класен час. Превземени се низа активности во врска со превенција на учениците од алкохол, пушење, дрога и др. Поставени се апликации за забрана од пушење и истите се почитуваат од вработените.

Училиштето нема организиран оброк, учениците ги користат околните маркети за купување на храна. Во училиштето се води кампања и организира предавања и активности на тема „Здрава храна“.

Во училиштето нема евидентирано ученици со телесен недостаток и со пречки во движењето, 2 ученици се со посебни образовни потреби и за едниот има МКФ проценка и се изработува Индивидуален образовен план а за едниот ученик има наод и стручно мислење од центарот за ментално здравје.

Пристапот во училиштето не е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, нема стази за движење, рампа за количка, држач и нема посебен тоалет во училиште. Училиштето има договорни процедури за обезбедување

материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонnаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. За помош на учениците од социјално загрозени семејства се доделува условна парична помош од Министерство за труд и социјална политика и Министерство за образование и наука. Училиштето соработува со Центарот за социјална работа, Црвениот крст и други организации.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училишниот простор се чисти и дезинфицира во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училиштето редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Училишниот простор надворешно и внатрешно се чисти. Училишниот двор во главниот објект е холтикултурно уреден и редовно се одржуваат согласно точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. помошниот објект. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. За учениците училиштето организира систематски преглед. Сите вработени редовно вршат систематски и лекарски прегледи. Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците со хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат на иницијатива на раководителот на паралелка или предметниот наставник, во соработка со родителите и другите релевантни институции (здравствените установи и центарот за социјална работа). Процедурите се спроведуваат во практика за сите ученици кои имаат потреба од таков третман.

Во училиштето има договорни процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Проблемите од таков вид кај децата се откриваат преку разговор со нив или со нивните родители, од страна на класните раководители и стручната служба. За спроведување на процедурите се одговорни стручните соработници.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Информациите за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување што училиштето им ги обезбедува на учениците, не секогаш се навремени и јасни. Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците само на барање на надворешни субјекти. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, усовршување или вработување по завршувањето на средното образование е ограничена и се нудат само општи информации на барање на родителите и учениците.

### 4.4 Следење на напредокот

Во училиштето се води добра евиденција за постигањата на учениците (оценките, редовноста и поведението за секој ученик поединечно). Училиштето во целина го следи напредокот на учениците за индивидуалниот напредок преку е-дневник на паралелка, евидентни листови и личната евиденција на наставниците. Стручната служба води евиденција за напредокот на учениците за прво, трето тромесечие и успехот на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година. Во училиштето континуирано се следи постигањето на учениците од страна на наставниците и стручната служба и тоа редовноста, поведението и потигањата на учениците. Наставниците подготвуваат извештаи и анализи за својата паралелка врз основа на

индивидуалните евиденции за учениците. Училиштето ја почитува процедурата при премин од едно во друго училиште. Училиштето врши анализа на напредокот на учениците по паралелки.

# 5. Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Во училиштето има пријатна атмосфера за работа за време на настава. Односите меѓу надреден-подреден, наставник-наставник, наставник-ученик, се исполнети со меѓусебно почитување и разбирање. Нема појава на меѓуетнички конфликти меѓу учениците и наставниците.

Учениците и вработените се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Кај учениците се препознава присуство на натпреварувачки спортски дух, потенцијал и желба за поголеми постигања. Тоа е докажано со постигања на забележителни резултати низ многубројните натпревари со другите училишта и учеството во многу спортски манифестации.

Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, има распоред и дежурства на наставници. Училиштето има правилник за видовите на пофалби и награди и педагошки мерки за учениците и соодветно го применува.

Поведението и дисциплината кај учениците во училиштето задоволува. Најголем број на педагошки мерки се изречени кај учениците од трета и четврта година, а најмалку кај прва и втора година. Поголем дел од учениците се запознаени со Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Постојат добри искуства за ефикасно корегирање на однесувањето на учениците со проблеми во однесувањето. Учениците делумно партиципираат во разрешување на конфликтни состојби и донесување на одлуки кои се од нивен интерес преку Клуб за медијација и Училишен парламент, повремено организираат работилници за надминување на конфликтни состојби. Во разрешување на проблеми, повремено по потреба се влкучуваат и родителите.

Во училиштето има работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето соодветно го применува правилникот за видовите на пофалби и награди за учениците.

Учениците се навремено информирани за работите кои се од нивен непосреден интерес.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник, медиуми, веб страна и други јавни манифестации на кои земаат учество наставниците, родителите, медиумите и локалната заедница. Промовирањето на постигањата на учениците се врши и преку

учество во интерни и екстерни натпревари, учество во воннаставни активности, известување за пофалени и наградени ученици, социјалните мрежи и др.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Постигањата на учениците традиционално се промовираат не само во рамки на училиштето или локалната средина туку и пошироко на ниво на државата. Наставниците успешно ги поттикнуваат и ги подготвуваат учениците за поголеми постигања во различни спортски дисциплини при што често се користат пофалувања и наградувања како начин на мотивирање на учениците.

Училиштето има политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на регионално и меѓународно ниво но нема развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците кои ја давале подршката. Последните три години освоени се многу награди по што оваа училиште се издвојува од другите училишта во општината и пошироко. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето на државно ниво.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето се запознати со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во пракса. Во училниците и холот на училиштето истакнати се изработки од работилници организирани и во контекст на правата на децата.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури.

Училиштето е вклучено во Проектот за мултиетничко образование но немаат партнер училиште. Наставниците имаат интегрирано наставни содржини за мултиетничко образование. Учениците во редовната настава се запознаени да ја почитуваат култура и традиција на други етнички заедници.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката со родителите се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку членови на училишен одбор-претставници од родители, отворени родителски средби и др. Во состав на Годишната програма има програма за соработка на родителите и локалната заедница, исто така во училиштето има деловник за работа на Советот на родители и Училишниот одбор. Во текот на една учебна година се реализираат по 4 редовни родителски средби (две во прво полугодие и две во второ полугодие). Училиштето со својата работа ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се обемноста на наставните планови и програми, воннаставните активности, советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии. Комуникацијата на родителите во училиштето се остварува преку Е-дневникот, отворени родителси средби, посета на семејството на ученикот, телефонски и писмени контакти. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето соработува со Агенција за млади и спорт, Меѓународен олимписки комитет, Сојузот на училишен спорт, Факултет за физичка култура и со голем број спортски клубови. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во

училиштето. Подршката на локалната и деловната заедница за подобрување на условите за работа во училиштето е на задоволително ниво.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Постојат просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците. Училишната зграда е од тврда градба.

Училишната зграда е изградена 1962 година со површина од 2596м2 и се состои од приземје, еден ката, 14 училници, одвоени 2 фискултарни сали кои се во фаза на реновирање, 6 канцеларии, една библиотека со слаб книжен фонд, една канцеларија за стручните соработници, наставничка канцеларија, канцеларија за помошник директор, секретар и двор со површина од 11730м2, паркинг простор и др. Во учебната 2023-2024 година училиштето го посетуваат 571 ученици од I до IV година, распоредени во 24 паралелка. Училиштето ги исполнува условите за непречено одвивање на наставата според стандардите и Нормативот, просторните услови се соодветни на намената и во оптимални услови одговараат со бројот на ученици кои следат настава во нив.

Во овие училишни згради има 9 санитарни јазли кои не се адаптирани за ученици со мултихендикеп, кои ги задоволуваат хигиено-техничките стандарди. Училишниот двор е со површина од 16195м2 од кои 1500м2 со озеленета хортикултурно уредена површина, паркинг простор и др.

Училиштето располага со интернет мрежа, громобранска мрежа, 2 хидранти и еден во фискултурната сала и 6 ПП-апарати и истите се сервисирани и атестирани од овластена фирма на 24.02.2023 со издаден стручен наод.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците освен во зградата каде се сместени албанските паралелки условите не задоволуваат.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување. Училиштето ги утврдува потребите на наставните средства и помагала и прави напори за нивна набавка според финансиските можности. Од наставни помагала училиштето располага со 6 Смар табли, 35 лаптопа, 3 ЛЦД проектори, 5 компјутери, принтери, скенери, таблети и спотски реквизити. Нагледните средства се набавени со сопствени средсва и дел донации. Училиштето нема доволно асистивна технологија за потребите на учениците со посебни потреби.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. На почетокот на секоја учебна година на ниво на активи се утврдуваат потребите од наставни средства.

Училишната библиотека располага со фонд од 4208 учебници, 543 примероци на книги на македонски и албански наставен јазик, исто така библиотеката располага со лектирни изданија, литература на странски јазик, стручна литература, и други. Иако континуирано се обновува сеуште недостигаат нови лектирни изданија, литература на странски јазик и стручна литература. Поголемиот број од лектирните изданија се во добра состојба и не се чувствува потреба од нивно обновување. Библиотекар има, кој ја води библиотечната евиденција во инвентарна книга и тетратка. Библиотечниот фонд и евиденција не се водат во електронска форма.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности во рамки на финансиските можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно според потребите со договорни постапки.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

За реализирање на наставниот план и програмите, во училиштето е обезбеден доволен број соодветни наставници, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.

Наставниот процес во училиштето го реализираат 52 наставници, двајца психолози, еден педагог, еден библиотекар, помошник директор и директор. Тие редовно им помагаат на наставниците во организација на наставата, во олеснување на напредокот на учениците, во справување со проблемите на индивидуално или групно ниво или во давање на соодветна помош на учениците, и перманентно се следи напредокот и квалитетот на учење на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите и е подготвена и отворена за соработка. Стручната служба има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето.

Има еден наставник – приправник и за него е назначен ментор, изготвена е програма за подршка на наставникот. Квалификационата струкура на вработените е следен: 49 со високо со високо образование, еден со магистерски студии и двајца наставници се несоодветни. Вкупен број на наставници на неопределено време е 35 а на определено 17 наставници. По етничка припадност 32 наставници се македонци, 18 наствници се албанци, еден србин и еден наставник е бошњак. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација.

Во административно –технички персонал кадар има 1 секретар, 1 економ домаќин, 8 одржувачи на хигиена.

Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Законот за средно образование и нормативите за наставен кадар. Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно-образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на МОН.

Вработените го почитуваат работното време. Во училиштето редовноста се евидентира со потписи при доаѓање на работа. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена доколку отсуството трае повеќе од 2 недели, во одредени случаји стручната служба на училиштето ги заменуваат отсутните наставници. Во училиштето нема физичко обезбедување од агенција.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот еднаш во полугодие односно два пати во текот на учебната година**.** Кај најголем дел од наставниците е извршена посета на час, а кај наставниците приправници посетата на наставни часови е почеста. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците дава подршка на наставниот кадар и ја анализира нивната работа.

Мал дел од наставниците се вклучени во семинари и обуки кои се организирани од БРО, како и проекти кои се спроведуваат од домашни и странски организации, но има потреба од нивна поголема вклученост и редовност на истите. Од училиштето има наставници кои ги посетиле обуките за Меѓуетничка интеграција во образованието. Стручната служба на училиштето континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите ги евидентира во портфолијата за професионален развој на наставниците.

Работата на наставник-приправник ја следи стручната служба која дава соодветна стручна помош.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето на состаноците на УО има донесено Финансиски план, усвоен извештај на пописните комисии, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки. Финансиското работење се контролира преку Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето. Делот за материјални трошоци, комунални услуги и друго финансирање го врши МОН, преку претходно одобрен финансиски план. Училиштето обезбедува финансиски средства и преку сметката за самофинансирање од разработување на реалната компанија во склоп на училишната работилница наменета за производство на алуминиумска столарија, преку запишување на вонредни ученици, истите ги користи наменски, и тоа за материјали за работа и нагледни средства.

За финансиското работење училиштето ги информира Министерството за образование и наука преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.

# 7 Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор. Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество и квартално ги следи активностите. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училиштен одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во последните три години нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се

афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознати сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој, успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучува партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, а вклученоста на родителите и учениците делумно задоволува. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во подобрување на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите. Училиштето ги информира наставниците за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Добро утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца;
- Стручната служба редовно изготвува споредбени анализи за постигањата на учениците, според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години;
- Добро изграден имиџ на училиштето и промовирање на постигањата на учениците во државата и на меѓународно ниво;
- Реализирање на голем број вонннаставни активности во регионот, во државата и надвор од неа;
- Учеству и добиени високи награди од натпревари кои се организирани од страна на училиштето и пошироко (државни и меѓународни натпревари);
- Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми и нетолерантно однесување;
- Воспоставена клима на почит и соработка меѓу наставник, родител и ученик;
- Добро соработка на органите во училиштето со родителите и локалната заедница.

## 8.2 Слаби страни

- Наставниците во оперативните планирања за наставен час, не планираат диференцирани цели и активности за работа со учениците со потешкотии во учењето и талентираните ученици;
- Недоволна застапеност на интеракција ученик - ученик и недоволна примена на ИКТ во наставата;
- Нема изготвено шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогодии во последните три години не се изведени

симулативни вежби во случај на елементарни непогоди од дирекцијата за заштита и спасување;

- Книжниот фонд не се води во електронска форма;
- Слаба вклученост на наставниците во обуки и семинари особено оние кои се организирани од БРО.

## 8.3 Препораки

- **Наставниците во оперативните планирања за наставен час да планираат и користат диференцирани цели и активности за работа со учениците со потешкотии во учењето и талентираните ученици;**
- **Наставниците да реализираат интерактивна настава со поголема застапеност на интеракција ученик – ученик и да се зголеми обемот на примена на ИКТ во наставата;**
- **Да се изготват шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди и да се изведат симулативни вежби во случај на елементарни непогоди;**
- **Книжниот фонд да се уреди и да се води во електронска форма;**
- **Поголема вклученост на наставниците во обуки и семинари особено оние кои се организирани од БРО.**

| | |
|---|---|
| Зоран Димитриевиќ, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Сенад Сулејмани, член на инспекцискиот тим | |
| Гоце Јанкуловски, член на инспекцискиот тим | |